Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

Извадок на дел од дневни настани 10.07.2021

На 09.07.2021 полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција- Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи, Единицата за недозволена трговија со дрога и оружје и Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје запреле патничко моторно возило „опел зафира", управувано од М.Ш. (38) од с. Љубин. При преглед на возилото пронајдени се 300 куршуми различан калибар. Потоа, по добиена судска наредба, извршен е претрес во домот на М.Ш. во с. Љубин и при тоа е откриена работилница за поправка на оружје, разни делови од оружје, два сигнални пиштоли и голема количина муниција. М.Ш. е приведен и против него ќе биде поднесена кривична пријава по член 396 од КЗ на РСМ.

На 09.07.2021 во 21,30 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Карпош, ги лишиле од слобода В.С.(44) и М.Л.(41) двајцата од Скопје затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана и прашкаста материја. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.07.2021 во 19,50 часот, од полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Ѓорче Петров, бил лишен од слобода 17 годишник од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.07.2021 во 03,37 часот во Скопје на крстосницата од ул.„Франклин Рузвелт" со ул. „Орце Николов", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „шкода јети" сопственост на МВР, а управувано од К.Н. и патничко моторно возило „мицибуши спејстар" со скопски регистарски ознаки, управувано од В.А.(41) од Скопје. Во незгодата со повреди се здобиле возачот (полициски службеник) на возилото "шкода јети" и двајца сопатници (полициски службеници) од истото возило, по што им била укажана помош во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 10.04.2021 во 04,15 часот полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Бит Пазар по судска наредба го привеле Д.Т.(23) од Скопје, кој бил баран со потерница за издржување на казна затвор во траење од две години за сторено кривично дело "тешка кражба". Тој бил спроведен до КПУ Идризово.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (09.07.2021) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 243 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 83 санкции, 19 за возење под дејство на алкохол, седум прекршоци што го чинат возачите на мотоцикли, 19 за возење без возачка дозвола.Изречени се осум санкции за користење мобилен телефон, шест за некористење сигурносен појас, 57 санкции за непрописно паркирање.

На 09.07.2021 во 13,45 часот било пријавено дека во Битола на крстосницата од ул. „Никола Тесла" и ул.„Солунска", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „форд фиеста" со кичевски регистарски ознаки управувано од М.С.(31) од с.Другово-кичевско и мопед „јијинг" со битолски регистарски ознаки, управуван од Г.П.(40) од Битола. Во незгодата возачот на мопедот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Општата болница во Битола. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР-Битола.

На 09.07.2021 во 15,30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров Р.О.(65) од Скопје пријавил дека во населбата Кисела Јабука бил каснат од куче скитник.

На 09.07.2021 во 00,40 часот во Полициската станица Гази Баба Т.Б.(55) од Скопје пријавила дека на 08.07.2021 околу 21,45 часот на ул."Вера Радосављевиќ" на излез од кванташки пазар нејзиниот малолетен внук бил каснат од куче скитник.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (09.07) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот.На територијата на населба Драчево изречени се вкупно 109 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 36 санкции, 15 за возење без возачка дозвола, девет за технички неисправни и нерегистрирани возила, пет за некористење сигурносен појас.

На 09.07.2021 во 16,10 часот било пријавено дека во Битола на ул.„Виенска" мопед „априлија" со битолски регистарски ознаки, управуван од Д.Б.(31) од Битола удрил во С.Г.(64) од Битола. Во незгодата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, а со телесни повреди се здобил возачот на мопедот констатирани во Општата болница во Битола. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Битола.

На 09.07.2021 во 18,45 часот било пријавено дека на патот Штип-Кочани во близина на с.Крупиште се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „форд фокус" со велешки регистарски ознаки управувано од Е.Г.(26) од с.Црник-Пехчево и товарно моторно возило „мерцедес атего" со велешки регистарски ознаки, управувано од Д.А.(37) од Велес. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот Е.Г. констатирани во Клиничката болница во Штип. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Штип.

Во текот на изминатото деноноќие (09.07/10.07.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 31 прекршок.

На 09.07.2021 во 16,30 часот во Полициската станица Чаир Т.Х.(18) од Скопје пријавила дека на ул."Радишанска" била касната од куче скитник.

На 10.07.2021 во 03,05 часот Е.Б.(40) од с.Здуње пријавил дека истиот ден околу 02,30 часот во Гостивар во угостителски објект бил физички нападнат од едно лице, а кратко време пред угостителскиот објект од лицето бил физички нападнал и неговиот другар И.К. Се работи на расчистување на случајот.

На 09.07.2021 во шумски појас во близина на граничниот премин Ќафасан кај Струга, полициска патрола од ОВР Струга, пронајде и одземе најлонска кеса со околу три килограми марихуана. Кесата ја пренесувале две лица кои, откако ја забележале полициската патрола, ја фрлиле и побегнале на албанска територија.Се работи на расчистување на случајот.

На 09.07.2021 врз основа на судска наредба, полициски службеници од ОВР Струга извршија претрес во домот на К.П.(47) од Струга, заради основано сомнение за кривично дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" , предвидено во чл. 215 од Кривичниот законик. Притоа, при претресот во домот на К.П пронајдени и одземени се 139 семки од растението Канабис сатива, четири стебла, две метални дробилки и други предмети со остатоци од марихуана. К.П. е лишен од слобода, предметите се одземени а по целосно документирање на настанот, ОВР Струга ќе поднесе соодветна пријава.

На 09.07.2021 во 21.15 часот, при контрола извршена на улицата „Владо Малески" во Струга, полициски службеници од ОВР Струга во паркиран патнички автомобил кај лицето С.Ј.(30) од Скопје, пронашле кеса со кокаин. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.07.2021 во 17,00 часот Б.М.(40) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 12,30 часот, кога во придружба на неговиот внук отишле во домот на Б.Т. (кој бил вујко на неговиот внук) во населбата Чаир, тој им се заканувал со пиштол. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.07.2021 во 21,10 часот во Македонска Каменица од полициски службеници од Полициското одделение Македонска Каменица бил лишен од слобода К.П.(25) од с.Дулица поради тоа што физички нападнал полициски службеници. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 09.07.2021 во 16,30 часот К.К.(40) од Битола пријавил дека истиот ден околу 09,00 часот во близина на делот за медицина на трудот при Клинички Центар Битола по претходна расправија бил физички нападнат со остар предмет од П.Б.(32) од Битола. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 09.07.2021 околу 09,00 часот било пријавено дека на место викано "Кланик" во атарот на с.Г.Речица-тетовско настанал пожар при што била опожарена ниско стеблеста шума, а бил зафатен и дел од нива сопственост на М.С. Пожарот бил локализиран од Противпожарната бригада Тетово. Повредени лица нема. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Тетово.

На 09.07.2021 во 12,00 во Полициска станица Кисела Вода Љ.К.(66) од Скопје пријавил дека на 08.07.2021 околу 12,00 часот на ул.„Марко Орешковиќ" помеѓу црквата Св.Ѓорѓија и Центарот за зависници, забележал тело во фаза на распаѓање. Извршен бил увид на местото на настанот. По наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е дадено за обукција.

На 09.07.2021 во 17,10 часот било пријавено дека во Валандово на крстосницата на ул."Маршал Тито" со ул."Лазар Колишевски" се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило "сеат алтеа" со валандовски регистарски ознаки управувано од М.К.(57) од Валандово и моторцикл "хамачи 125" без регистарски ознаки, управуван од малолетник од с.Пирава. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил моторциклистот, а со телесни повреди се здобиле малолетен сопатник од моторциклот и возачот од возилото констатирани во ЈЗУ-Гевгелија и Здравствен дом-Валандово. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Валандово.

На 09.07.2021 во 21,30 часот било пријавено дека во Крива Паланка на ул."8-ми Октомври" мотоцикл „пиаџо" со скопски регистарски ознаки, управуван од Н.И.(34) од с.Станци-Крива Паланка удрил во сид, а потоа паднал на коловозот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот И.Д.(49) од Крива Паланка, констатирани во ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Крива Паланка.

На 10.07.2021 во 00,30 часот А.И.(33) од Скопје пријавил дека на 09.07.2021 околу 21,00 часот на подрачјето на Бит Пазар бил физички нападнат од неколку лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 09.07.2021 во 23,40 часот Б.П.(19) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат од едно лице, а потоа тој со уште едно лице удирале по прозорското стакло од неговото возило и му упатувале навреди и закани. Се работи на расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет